Совет за унапредување и надзор
над сметководствената професија
на Република Северна Македонија
Бр 03-11/1
15-12 2022 год.

Врз основа на член 5, став 1, точка 9 од Законот за вршење на сметководствени работи „Службен весник на РСМ“ (*) бр.173/22 и член 8 од Статутот на Советот за унапредување и надзор на сметководствената професија на Република Северна Македонија („Службен Весник на РСМ“ бр.254/22), Советотот за унапредување и надзор над сметководствената професија на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 15.12.2022 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**Член 1**

Поради ненавременото предавање и неажурното водење на евиденција за остварениот број на часови за континуирано професионално усовршување од 2017 година, се дава насока на вршителот на должност претседател на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија да не се применуваат одредбите од член 30, став 1 и став 2 и член 64 став 2 став 3 и став 4 од Законот за вршење на сметководствени работи „Службен весник на РСМ“ (*) бр.173/22 кои бараат исполнување на минимум на часови за континуирано професионално усовршување за 2022 година од 20 часа за овластен сметководител и 15 часа за сметководител.

**Член 2**

Во врска со член 1 од оваа одлука, му се препорачува на Вршителот на должност претседател на Институтот на сметководители и овластени сметководители да не го применува член 40 став 1 точка 1 од Законот кој се однесува на времено бришење од соодветен регистар во траење од една година за непочитување на обврските за континуирано професионално усовршување.

**Член 3**

Сметководителите и овластените сметководители се должни овие часови да ги надополнат до завршување на вториот циклус на обуки односно до 31.12.2024 година.

**Член 4**

Одлуката влегува на сила на денот на нејзиното донесување.

Претседател на Советот за унапредување и надзор над сметководствената професија на Република Северна Македонија,
д-р Горан Рафајловски

Совет за унапредување и надзор над сметководствената професија на Република Северна Македонија